**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4**
**тел. 02 3111 533**

**Образец бр.66**

**И.бр.587/2021**

Извршителот Весна Деловска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА со ЕДБ 4002995103351, со ЕМБС 5026377 и седиште на Ул.Добривое Радосављевиќ бр.21, засновано на извршната исправа – Нотарски акт – Изјава за уредување на права и обврски по меница ОДУ бр.391/20 од 19.5.2020 на Нотар Елена Пенџерковски, против **должниците: 1.** акцептант Трговско друштво за производство трговија и услуги Бох Марк Дооел Скопје со ЕДБ 4052015500527, со ЕМБС 7009038 и седиште на ул.2 бр.19 Палиград Зелениково, **2.** авалист Ѓулсер Селмани од Скопје со живеалиште на ул.2. бр.19 Зелениково и **3. авалист - Игбале Шакир од Скопје со живеалиште на ул.Вуковарска бр.9/2-11** за спроведување на извршување, на ден 29.03.2022 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во **ИЛ бр.7818 КО Чаир** при АКН на РМ со следните ознаки:

**Лист В:**

-КП 2642, дел 1, адреса Вуковарска бр.9/2-11, бр. на зграда 1, намена – А2-1, влез 2, кат 2, бр.11, собност 0, намена СТ, со површина 116 м2;

-КП 2642, дел 1, адреса Вуковарска бр.9/2-11, бр. на зграда 1, намена – А2-1, влез 2, кат 2, бр.11, собност 0, намена ПП, со површина 10 м2;

кој се наоѓа во сопственост на должникот авалистот Игбале Шакир од Скопје,

Продажбата ќе се одржи на ден **20.04.2022 година** во **10:00 часот** во просториите на Извршителот Весна Деловска.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот, изнесува **76.587,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налог за извршување врз недвижност чл.166 од ЗИ И.бр.587/2021 од 23.08.2021 година на Извршител Весна Деловска и Налог за извршување кај пристапување кон извршување чл.169 од ЗИ И.бр.64/2022 од 03.02.2022 година на Извршител Весна Деловска.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД и даночен број МК5080010500763, **со цел на дознака гаранција за И.бр.587/2021, најдоцна до 19.04.2022 година. Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**

Д.-на: Доверител, Должници, Град Скопје, заложен доверител во И.бр.64/2022 и Архива

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.